# ***Општи информации за обуката „Готвач во угостителски објект“***

БИЗНИС ЦЕНТАР
ЗА ТРЕНИНГ И ОБУКА
BUSSINES CENTER FOR
TRAINING AND EDUCATION
**Модули на доживотно учење**
*Акредитирани програми од*
*Министерството за образование и наука*
*на Република Македонија*

Целта на програмата е кандидатите да се стекнат со знаење, вештини и компетенции за занимањето „Готвач во угостителски објект“. Во програмата ќе бидат елаборирани сите техники на готвење, како и едукација во областа на сертификација и добивање сертификати за работа со храна. Детално ќе бидат образложени процесите на приготвување на јадењата во теоретскиот дел, а делот на практичната настава учесниците ќе го обавуваат во реални услови, во комплетно опремена кујна.

На крајот на успешно реализираната обука кандидатите ќе се стекнат со сертификат акредитиран од Министерството за образование и наука за работна оспособеност за готвач во угостителски објект. Обуката ќе се состои од два дела, теоретски предавања и практична работа, во траење од 200 училишни часа.

Максимален број на учесници во една група 8-14. По завршување на програмата учесникот ќе биде способен да:

- познава различните видови кујни;
- препознава и користи различни процеси за приготвување на јадењата;
- објаснува карактеристики на кујната;
- применува готварска терминологија;
- објаснува карактеристики и презентира производи од растително и животинско потекло кои се користат во кујните;
- разликува видови меса и нивни составни делови;
- разликува и се служи со различните видови инвентар во кујната;
- опишува начинот на подготовка на фондовите и сосовите и способен е да ги подготви истите;
- приготвува супи, чорби и потажи;
- опишува и самостојно припрема готвени јадења, печења и меса печени на скара;
- применува во практика термичка обработка на риби;
- опишува едноставни ладни и топли предјадења и способен е да ги подготви;
- врши проверка на квалитетот на извршената работа;
- познава и применува гастрономски трендови во кулинарството;
- применува прописи за заштита при работа и заштита на животна средина.

Во врска со уписите и другите детали поврзани со програмата контактирајте не:

Борис Тримчев
моб: 072 207 091
Е-адреса: boris@mchamber.mk
Симона Ристоска
тел: 02 32 44 067
Е-адреса: simona@mchamber.mk

Посетете не и на нашиот Facebook профил и бидете во тек со сите обуки кои ги нудиме!